
ПРАВНА АНАЛИЗА

ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА - ЧОВЕКОВО ПРАВО ИЛИ ОПШТЕСТВЕНА ИЛУЗИЈА



Институт за човекови права

ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА – ЧОВЕКОВО ПРАВО ИЛИ ОПШТЕСТВЕНА ИЛУЗИЈА

Издавач:
Институт за човекови права

Автор:
Вера Коцо

Скопје, 2025 година

СОДРЖИНА

ВОВЕД 4

ЕКОЦЕНТРИЗАМ И ЕКОЛОШКА ЕТИКА 5

ЕКОЛОШКА ПРАВДА 6

НАЦИОНАЛНАТА ПРАВНА РАМКА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА 9

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА 13

ВОВЕД

Загрозената и делумно уништената животна средина се посилно алармира за опасноста од нејзино уништување, како природен дом, на сите живи суштества на планетата Земја, повикувајќи ја совеста на човекот како „господар“ над природата, дека треба да ги преиспита своите постапки на полето на политичко економскиот интерес во процесот на остварување на политичка надмоќ или економска благосостојба. Сепак цивилизацискиот развој на општествената парадигма, не остава многу простор или надеж за ефикасно спречување на причините коишто придонесуваат за ваквата глобална општествена состојба, туку се повеќе се трага по решенија за ублажување на каузалната егзистенцијалност, на севкупниот жив свет, во една заедничка симбиоза на одржлив развој.

Човекот како разумно суштество во текот на својот севкупен општествен развој, не покажал доволно умна воздржаност во рационално искористување на природните ресурси, безобѕирно користејќи ги сите богатства, што му ги пружила природата околу него, бессовесно и неконтролирано пристапувајќи кон целта за економски или политички престиж, во сите сфери на своето постоење, предизвикувајќи глобална еколошка криза, без страв за сопственото животно загрозување и опстанок.

Забрзаниот економски развој, на сите полиња, скриен под плаштот на очекуваната општа благосостојба, најчесто го замаглува вистинското сознание за сите опасности, што го демнат поединецот или човечкиот род, којшто вообичаено, подоцна ќе ги почувствува последиците од преземените несовесни дејствија, од страна на државите, разните економски корпорации, моќни поединци и разни други субјекти, коишто предизвикуваат еколошки кризи, во загрижувачки размери, во поглед на здравиот хуман живот, во здрава животна средина. Човековиот ум нема граници во својот севкупен научно-технолошки развој, но едно е прашањето за генијалните откритија во сферата на науката и можноста што тие ја даваат, да се завладее со природата, што не опкружува или дофатат тајните на ѕвездената небо, а друго е прашањето за илузијата дека може енормно да се искористува природното богатство, без да се плати висока животна цена.

Еколошките проблеми што ги носи технолошкиот развој, биле и ќе бидат, предизвик за проучување од страна на многу научници (социолози, антрополози, политиколози, еколози, педолози и други) од разни аспекти на нивното научно согледување, поставувајќи разни теории, за еколошката криза и општествениот колапс, но очигледно е дека сложеното општество на човечкиот род, ќе продолжи да се движи по вековната патека на подеми и падови.

Бројните укажувања за еколошките проблеми со здравата животна средина и чистиот воздух, сепак не го намалија чувството, дека секоја година се зголемува процентот на негативните последици, на полето на глобалниот екосистем.

Општата девастација на животната средина, се изразува во бројни негативни последици, од влијание на квалитетот на човековиот живот, како што се: глобал-

ното затоплување, поплави од енормни размери, пожари, ширење на разни болести, прекумерниот отпад од секаков вид, (пластика, текстил, радиоактивни и други штетни материјали), нерационалното искористување на земјоделското земјиште, со употреба на разни биоциди и штетни ѓубрива, коишто предизвикуваат загуба на биодиверзитетот и други последици. Еуфоричниот пристап кон искористување на природните ресурси, резултираше со загадување на океаните и мориња, исчезнување на шумите во разни подрачја како Амазонската прашума или обезшумувањето на Индонезија, направено со цел да се отвори пат за концесија на палмино масло,[1] придонеле за исчезнување на разни видови од животинскиот и растителниот свет, загадување на почвата и воздухот, како основни елементи за квалитетен живот на целокупниот жив свет, што претставува повеќе од загрижувачка состојба, за опстанок на човечката популација и животната средина, на глобално ниво.

Универзитетските професори, педолози д-р.Татјана Миткова и д-р Миле Марковски, во своите научни трудови, укажуваат за деградацијата на почвата во нашата земја, која е загрозена од разни антропогени фактори, меѓу кои спаѓа и неконтролираното земјоделско производство, преку употреба на хемиски средства, коишто ја контаминираат истата. Според нив почвата како parent material (матичен материјал) може да се уништи, а истата е тешко обновлив ресурс, кој не се увезува, а претставува една четвртина од диверзитетот во нашата земја, од суштинско значење за природната рамнотежа на животната средина.[2]

Брзиот развој на повеќето стопански гранки како (рударството, енергетиката, металургијата, хемиската индустрија, сообраќајот), потоа создавањето на големи агломерации, коишто испуштаат огромни количества на отпадни канализациски води, создаваат услови за појава и интензивно одвивање на негативната деградација на почвите, при што прво се контаминираат воздухот и водата, а почвите се контаминираат индиректно преку нив.[3]

ЕКОЦЕНТРИЗАМ И ЕКОЛОШКА ЕТИКА

Илузијата за неприкосновеното господарство на човековиот род над природата, се повеќе станува стварност и доказ дека антропоцентризмот, којшто ја апострофира супериорноста на човекот над природата е неодржлива теорија во системот на вредности во самата природа. Сега сè повеќе, еколошката филозофија го фаворизира изразот екоцентризам, според кој природата се става во центарот на вредности, наспроти антропоцентризмот. Во суштина овој релативно нов пристап кон вредноста на природата, доаѓа поради акумулацијата на капиталот на сметка на природата, во интерес на поединци, наместо на зашти-

[1] https://doma.edu.mk/
[2] Митрикески, Јосиф, Миткова, Татјана, Вкупна содржина на тешки метали во флувисолите во Куманово, https://www.mes.org.mk/PDFs/2nd%20Congress%20Poceedings/Mitrikeski%20&%20Mitkova.pdf
[3] Ibid.

та на колективните интереси со кохерентна политика за благосостојба на луѓето и природната околина, во една рамноправна заедница

Ако се има во предвид вредносното просудување на сите аспекти на човековото владеење кон природата, се отвора императивот на моралното однесување на човекот кон природата, односно потребата од еколошка етика, како гаранција за траен опстанок не само на човековиот род, туку и на севкупниот природен ентитет. Имено, еколошката етика значи разумно однесување кон природните ресурси, коишто се извор за опстанок на човековиот род, којшто треба својот техничко- технолошки развој, да го насочи кон заштита на животната средина, во согласност со природните закони, бидејќи штитејќи ја неа, човекот се штити самиот себе.

Постојат бројни теории во врска со прашањето за потребата од еколошка етика, разгледувани од различни аспекти, но едно е сигурно дека постои потреба од внимание и грижа за природата, со цел подолготрајно обезбедување на здрава животна средина. Евидентен е фактот на уништување на огромни шумски пространства, загаденоста на водите во океаните и моријата, сè позагадениот воздух во светот, којшто го уништува здравјето на луѓето, отпадот од секаков вид и ѓубрето, со кое не можат да се справат посиромашните општества, неконтролираната употреба на разни хемиски средства, како и воено техничкиот развој, на разни конвенционални и нуклеарни оружја, коишто опасно ја контаминираат животната средина. Сето ова укажува на многу опасни фактори, коишто му се заканууваат на човековиот род и еко природата, што го опкружува, поточно, сè почести се алармите за разни еколошки катастрофи во разни подрачја низ светот, што се од суштинско влијание за опстанокот на планетата Земја.

ЕКОЛОШКА ПРАВДА

Климатските промени и се поизразената еколошка криза, укажуваат на потребата од посериозен пристап во заштитата на човековите права и на околината во која егзистира човекот, со обликување на поимот и содржината на еколошката правда, преку комплементарен приод за заштита на двата сегменти: човекови права и природната животна средина. Ваквиот приод генерира сериозна обврска за обезбедување на услови за одржлив развој на човековата популација, односно задоволување на нејзините потреби, но истовремено оставање на безбедни ресурси за идните генерации, во кој опсег мора да се вклопи и заштитата на биодиверзитетот, со цел за намалување на климатските промени.

Преголемата вредност на природата, со сите нејзини делови, коишто се исклучително важни за опстанок на човековиот род, неминовно укажуваат на потребата од поголема контрола за нејзина заштита. Човекот како разумно суштество е единствениот субјект, којшто може, но и мора да се справи со односот кон природата, како од морално етички, така и од правен аспект, преку креирање на разумни политики за општа благосостојба. Природата како човекова

животна средина, не смее да биде злоупотребувана и уништувана, токму од тие на кои најмногу им треба, само поради нејзината немоќ за конкретна инклузија, во дефинирање на правните норми, коишто треба да ја уредат и обезбедат еколошката правда. Ова значи дека човековата улога во процесот на развој, на оваа правна дисциплина е особено значајна, од аспект на воспоставување на рамноправност во еколошкиот свет, на давање и примање или поточно, контролирано земање на она што е потребно за опстанок на човекот, преку опстанокот на природата.

Сепак во светот, прашањето за потребата од развивање на оваа правна дисциплина, веќе е елаборирано и прифатено, како исклучително важно во процесот на зачувување на еко средината, за човековиот опстанок. Така во Боливија, во 2010 година бил усвоен закон, со кој правата на природата се изедначуваат со правата на човекот под наслов Закон за правата на Мајката Земја, којшто ги редефинирал богатите минерални наоѓалишта на земјата, како благословени и содржи радикални заштитни механизми и социјални мерки, за намалување на загадувањето и контрола над индустријата. Истовремено предвидува формирање на Омбудсман на Мајката Земја, како пандан на Омбудсманот за човекови права, а гаранциите за заштита на Земјата се дополнително зајакнати, со одредба во нивниот Устав, за уставноправна заштита со поднесување на уставна тужба.[4]

Заштитата на природата на конституционално рамниште, е содржано и во Уставот на Еквадор од 2008 година, со внесување на посебна глава за заштитата на правата на природата, но исто така се донесени бројни закони и други прописи кои содржат одредби, за правата на природата во повеќе држави на САД како Пенсилванија и други.[5]

Од овој аспект, за заштита на животната средина, постојат и други законски решенија, ширум земјите во светот, бидејќи интересот на меѓународната заедница, за заштита на животната средина е присутен подолго време, како резултат на што може да се зборува за развиени правни системи ширум светот.

Од аспект на меѓународното правно уредување на животната средина, особено значајни се: Конференцијата во Стокхолм во 1972 година, конференцијата во Рио во 1992 година, Самитот во Јоханесбург во 2002 година, како и конференцијата за одржлив развој повторно во Рио де Женеиро - Бразил во 2012 година. Овие настани укажуваат на меѓународната мобилизација, кон зајакнување на механизмите, за заштита на животната средина, од политичко правно гледиште, заедно со концептот за одржлив развој, од економска и социјална димензија, за грижата кон животната средина, за идните генерации (особено Самитот во Јоханесбург).[6]

---

[4] Камбовски, Владо, Мујоска Трпевска, Елена, Улогата на Уставните судови во заштитата на животната средина и на правото на здрава животна средина, Центар за правни истражувања и анализи, https://cpia.mk/wp-content/uploads/2022/05/cpia_analiza_ustavni-sudovi_zzivotna_sredina_b5_v1_16_prw.pdf

[5] Ibid.

[6] Иванов, Александар, докторска дисертација – Заштитата на животната средина во остварување на безбедноста на Република Македонија, Универзитет Св. Климент Охридски - Битола, 2013, https://eprints.uklo.edu.mk/id/eprint/8977/1/Aleksandar%20Ivanov%20DT.pdf

Сите овие настани, организирани со учество на претставници од повеќе земји, се значаен чекор во прилог на развој на правдата, со која се обезбедува заштита на природата, преку донесување на значајни правни акти, за разни еколошки проблеми од интерес за човековата заедница.

Секоја акција преземена од страна на човекот, за уредување на правата на природата, може да се судри со грубите економски интереси, за личен профит или политичка доминација, во поширoки размери, но секој мора да биде свесен за потребата од заштита, на животната средина, колку и да звучи идеалистички, доколку сака надминување на светската еколошка криза, која го доведува во прашање опстанокот на живиот свет на планетата Земја.

Во оваа смисла, значајно е прашањето на транспарентност и достапност на информации, со цел за учество на јавноста, во донесување на одлуки, како и правото на правна заштита, во врска со животната средина, апострофирано во Архуската конвенција, 7 којашто има за цел јакнење на граѓанскиот сектор, по прашања од заштитата на животната средина. Таа утврдува голем број на права на поединците и граѓанските организации, а од потписниците на истата, се бара да придонесат во ефектуирање на потребните одредби, за заштитата на животната средина, на сите нивоа, преку јавната власт. Очигледните негативни промени во животната средина, влијаат на забрзан процес, на донесување и усвојување на повеќе меѓународни документи, од сите аспекти. Особено се потенцираат, одржливиот развој и правото на заштита на животната средина и финансирањето на истите, (Меѓународната конференција за финансирање на развојот на ОН, во Монтерej - Мексико) во 2002 година. Потоа стапувањето во сила на Протоколот од Кјото- Јапонија во 2005 година, со кој е проширена Рамковната конвенција за климатски промени, претходно донесена исто така во Кјото. Во 2015 година, на Глобалниот самит за климатски промени на ОН, е усвоен Парискиот договор, којшто прокламира заедничка борба на државите, против климатските промени, за намалување на стаклениčките гасови и глобалното затоплување.

Од аспект на кривично правната заштита, посебно значење има Конвенцијата за заштита на животната средина, преку кривичното право, од 1998 година, во рамки на Советот на Европа, со која државите потписнички презедоа обврска, за внесување на разни кривични дела во своите законодавства, поврзани со оштетување на квалитетот на воздухот, водата, почвата, животните и растенијата.

Сите меѓународни документи, донесени со цел за заштита на животната средина, коишто содржат бројни обврзувачки норми, препораки и квалитетни стандарди, претставуваат сериозен придонес, во развојот на еколошката правда. Меѓутоа не може да се пренебрегне фактот на имплементација, на сите позитивни политики и сериозниот однос во пристапот на спроведување и почитување на сите зацрта-

[7] Архуска конвенција усвоена на 25 јуни 1998 год.во данскиот град Архус, на четвртата министерска конференција „Животна средина за Европа“ под покровителство на ОН, а стапила во сила на 30 0ктомври 2001 год. https://aarhus.osce.org/about/aarhus-convention

ни цели. Во овој систем на меѓународно правна регулатива и амбициозни заложби, тешко е да се прифати парадоксот, на одредени општествени структури, коишто го стават својот економски интерес, пред сите основни човекови права, зголемувајќи го ризикот за неповратно уништување на животната средина. Во оваа смисла се поставува прашањето за квалитетна издржливост на општеството, во кое егзистираат различни субјекти и нивниот економски интерес за остварување на профит, преку разни, коруптивни и криминални дејствија, од каков било вид, коишто можат да ја поткопаат целта за постигнување на прогрес, во заштитата на природата. Основното човеково право, на здрава животна средина, односно право на чист амбиентален воздух, чиста вода, почва и здрав биодиверзитет мора да биде главната премиса на сите општествени заложби. Во спротивно наведените права, би се претвориле во општествена неправда, изразена во институционална неспособност за справување со сите еколошки проблеми, кои преставуваат предизвик на модерното време.

НАЦИОНАЛНАТА ПРАВНА РАМКА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Прашањето за заштитата на животната средина, повеќето земји во светот, го уредуваат во своите устави, иако има и такви коишто ова право за здрава животна средина и заштитата на природата, не го третираат во уставната рамка, како (САД, Канада, Аргентина, Данска и други), што не значи дека не постојат механизми, за друг вид на заштита преку разни иницијативи за заштита на природата, живиот свет и здравата животна средина. Таков е примерот на Аргентина, којашто во 2020 година, поднела колективна тужба, пред Врховниот суд за заштита на мочуриштата, на Paranb Delta, следејќи ги добрите практики на други земји (Боливија, Еквадор и други).[8]

Тргнувајќи од односот на нашето денешно општество, кон заштитата на животната средина, неминовно се наметнува заклучокот, дека основата на правната рамка е определена со Уставот на нашата држава,како највисок правен акт, во кој се утврдени темелните вредности на уставниот поредок. Така во редот на темелните вредности се вбројува „утврдувањето и хуманизацијата на просторот, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата“.[9] Додека во делот на економските, социјални и културни права, каде е прокламирана гаранцијата, дека секој човек има право на здрава животна средина, истовремено е предвидена и должност на секој да ја унапредува и штити животната средина и природата, а Републиката е таа којашто, обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните, за здрава животна средина.[10] Во

[8] Supra note 4. Мујоска Трпевска Елена., Дел II – Компаративна анализа и добри практики за заштита во животната средина, во Улогата на уставните судови во заштитата на животната средина и на правото.
[9] Устав на Република Северна Македонија, Службен весник на РСМ бр.52/1991, 1/1992; 1/1992; 31/1998; 31/1998; 91/2001; 91/2001; 84/2003; 84/2003; 107/2005; 107/2005; 3/2009; 3/2009; 13/2009; 49/2011; 49/2011; 6/2019; 6/2019; види член 8, ст.1, алинеја 10.
[10] Ibid. Види член 43 став. 1, 2 и 3.

однос на гаранцијата на слободата на пазарот и претприемништвото, можат со закон да бидат ограничени некои дејности, единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.[11] Сето ова укажува на еден општ и недоволно дефиниран пристап во заштитата, уште повеќе што, Уставот ја ограничува неговата надлежност за заштита само на одделни основни права, на човекот и граѓанинот, стриктно набројени,[12] помеѓу кои не го вбројува, правото на заштита на здрава животна средина, иако унапредувањето на животната средина и природата, се дел од утврдените темелни уставни вредности.

Во оваа смисла дел од научната јавност укажува на потреба од уставна реформа, со внесување на **Уставната тужба**, во заштитата на основните човекови права, посебно еколошките права, но и од аспект на преиспитување на надлежноста,на Уставниот суд vis-à-vis редовното судство. Истовремено отворање на расправа за формирање на нова институција **„Омбудсман на правата на природата“** која би го поддржала егоцентричниот концепт, во заштитата на правата, како и одржливиот развој на животната средина, во хармонија со животот на човекот и неговото природно опкружување.[13]

Во однос на останатиот дел од правната рамка, односно законската регулатива, уредени се бројни области од животната средина и донесени многу закони, коишто се однесуваат на заштитата на животната средина и управувањето со регулативата, на истата, од страна на надлежните фактори. Основата на целокупната законска регулатива и политика во државата се темели на уставно гарантираното право на секој граѓанин на здрава животна средина и обврската на Републиката да ги обезбеди сите услови за остварување на тоа право.

Законот за заштитата на животната средина, како основен закон ги утврдува правните основи за заштита и обврската за унапредување на квалитетот на животната средина, заштитата на животот и здравјето на луѓето како и заштитата на биолошката разновидност, рационалното искористување на природните богатства и многу други аспекти, поврзани со заштитата на животната средина. Заштитата фокусирана на главните елементи (вода, воздух, почва и биодиверзитет) опфаќа многу области, за чија заштита се донесени бројни закони. Така покрај Законот за животна средина, донесени се и закони за: квалитет на амбиенталниот воздух; за заштита од бучава во животната средина; за заштита на природата; закон за шуми; закон за ловство; закон за водите; за управување со отпад; за просторно и урбанистичко планирање; за минерални суровини; за хемикалии; за генетски модифицирани организми и многу други закони, од разни области, коишто ја тангираат животната средина. Сепак, изненадува фактот, што сè уште не е донесен, Закон за заштита на почвата, којшто на генерално ниво би ја уредил заштитата, на овој, еден од најзначајните медиуми на животната средина, без оглед на спомнувањето на почвата во други закони, како што е Законот за земјоделско земјиште и други.

[11] Supra note 9. Види член член 55, став 3.
[12] Ibid, член 110.
[13] Supra note 4. Камбовски Владо., Дел 1 - Улогата на Уставните судови во заштитата на животната средина и на правото на здрава животна средина, Центар за правни истражувања и анализи

Почвата претставува дом, на повеќе од една четвртина од вкупниот биодиверзитет на Земјата и неминовно мора да биде соодветно заштитена од ерозија, контаминација и други опасности, од страна на антропогенетскиот фактор. Ова уште повеќе, ако се има предвид нејзината сложена структура на отворен систем, низ кој проаѓаат водата и воздухот, а воедно претставува животен простор, за целокупниот жив свет и неговиот опстанок.[14]

Во донесената доста обемна законската регулатива, за заштитата на животната средина, сепак постојат доста неусогласености и празнини како (Законот за шуми и Законот за ловство со Законот за природата)и ред други слабости.[15]

Покрај материјално правната законска регулатива, особено е значаен аспектот на остварување на правото на пристап до правда пред судовите, не само во однос на потребата од јасна надлежност на судовите, граѓанска судска надлежност или поведување на управен спор, туку и од аспект на конкретно уредување на можните субјекти, коишто можат да побараат заштита на правото на здрава животна средина. Уште поизразено е прашањето, за заштита на самата животна средина, во смисла на нејзиниот субјективитет, дали природата може да биде субјект во одредена судска постапка, како и нејзиното застапување пред надлежен суд, во одбрана на нејзиното право за опстанок. Во оваа смисла потребна е јасна законска регулатива, во однос на правата и обврските коишто произлегуваат од заштитата на животната средина, односно прашањето на активната и пасивната легитимација, поврзана со поведување на одредени спорови, како и застапувањето од овластени законски застапници, во конкретни постапки пред судовите.

Утврдените празнини и недостатоци во законската регулатива, сепак можат да бидат предизвик за судската практика, ако се има предвид законската нормираност, дека судот не може да отфрли барање за остварување на определено право, поради постоење на правна празнина, туку должен е да одлучува по истото согласно општите начела на правото, освен ако тоа изречно е забрането со закон.[16]

Тргнувајќи од уставната определба дека Републиката обезбедува услови, за остварување на правото на граѓаните, на здрава животна средина и дека непреземањето на дејствија претставува повреда на граѓанските права, Врховниот суд на Република Северна Македонија, утврди Начелен став, во однос на правото на здрава животна средина и загадувањето на воздухот.

---

[14] Миткова, Татјана. Маркоски, Миле. Универзитетски учебник „Педологија“. УКИМ – Факултет за земјоделски науки и храна -Скопје, 2022, http://www.fznh.ukim.edu.mk/images/stories/ucebnici/pedologijaweb.pdf

[15] Михајлов, Марјан. Чоловиќ - Лешоска, Ана. Мујоска Трпевска, Елена. Павловска – Данева, Ана. Хаџи – Зафиров, Жарко. Анализа на празнини и недостатоци- предизвици и можности за институционалната правната рамка на животната средина- Центар за правни истражувања и анализи, 2021, https://cpia.mk/wp-content/uploads/2021/10/144.pdf

[16] Закон за судовите, Службен Весник бр.58/2006, 62/2006; 35/2008; 61/2008; 118/2008; 16/2009; 150/2010; 39/2012; 83/2018; 198/2018; 96/2019; види член 8 став 2

„Согласно националната и меѓународна правна регулатива, државата е должна да обезбеди здрава животна средина, меѓу кои и правото на чист воздух, како поединечно право на граѓаните, кои како странка во управна постапка, можат да бараат да се задолжат надлежните органи, да ги донесат Основните плански документи, од член 23 од Законот за квалитет на амбиенталниот воздух, како Општи акти“.[17]

Аргументите од коишто се раководел Врховниот суд, за донесување на Начелниот став првенствено се темелните уставни вредности дека уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата, како и пристапот до здрава животна средина,се основно човеково право. При тоа ги имал предвид меѓународните документи, на Советот за човекови прва на Обединетите нации, како и Европската конвенција, Советот на Европа и практиката на Европскиот суд за човекови права и Европскиот суд на правдата.

Покрај значењето на судската власт, како коректив на другите власти и придонес за јакнење на јавната доверба на граѓаните,Начелниот став е значаен и од аспект на судската практика на управните судови. Тие ќе можат директно да ја задолжат извршната власт да спроведе мерки за подобрување на животната средина, па дури и во случаи на така наречено „молчење на администрацијата“, но и да биде задолжена да ги донесе неопходните акти, како што е Националниот план за подобрување на квалитетот на воздухот, на кој граѓаните чекаат повеќе години. При тоа е важно решавањето на проблемот со надомест на штета, којашто граѓаните можат да ја остваруваат во постапката пред Управниот суд, покрај можноста за поднесување на такво барање пред Граѓанскиот суд согласно законските услови за надомест на штета, или отстранување на изворот од којшто се заканува опасност за позначителна штета.[18]

Во правната рамка за заштита на животната средина, зазема многу значајно место, кривично-правната регулатива, содржана во Кривичниот законик, под посебна глава насловена како „Кривични дела против животната средина и природата“.

Во сферата на еколошкиот криминал, најтешка кривично правна квалификација, има новото кривично дело под име **екоцид**, коешто беше официјализирано во 2023 година со измените на Кривичниот законик.[19] При кодификацијата на ова кривично дело силно влијание имаа и заложбите за сузбивање на еколошкиот криминал на пошироко ниво преку зајакнување на кривично правната легислатива во Европа, како што е новата Директива на Европскиот парламент во врска со Европскиот зелен договор од 2020, но секако и сериозното влијание, на

[17] Начелен став на Врховен суд на РСМ од 08.10.2024 година – Загадување на животната средина, http://sud.mk/wps/wcm/connect/vsrm/3e0a123d-121c-4d36-8cab-4f9f08406926/%D0%9D%D0%90%D0%A7%D0%95%D0%9B%D0%95%D0%9D+%D0%A1%D0%A2%D0%90%D0%92++%D0%A1%D0%A3-03+%D0%B1%D1%80.+800-23+1.pdf?MOD=AJPERES&CVID=pbjb5cS&CVID=pbjb5cS&CVID=pbjb5cS&CVID=pbjb5cS

[18] Закон за облигационите судови, Службен Весник на РСМ бр.18/2001, 78/2001; 4/2002; 59/2002; 5/2003; 84/2008; 81/2009; 161/2009; 23/2013; 123/2013; 215/2021; 154/2023; 220/2023; 209/2024, види член 143.

[19] Новела на Кривичниот законик во сила од 15.09.2023 година

невладиниот сектор, изразено преку разни акции, за намалување на еколошкиот криминал. Сите овие заложби секако придонесоа, за одредување на високи казни, за ова тешко кривично дело, за кое е предвидена казна од најмалку десет години затвор или доживотен затвор.

Покриеноста со бројна законска регулатива, речиси во сите области на животната средина, сепак не е на задоволително ниво и во еден дел е оценета како застарена и несоодветна на сегашната состојба. Покрај оваа слабост на законската рамка, констатирано е и отсуство на нејзиното ефикасно спроведување, како резултат на институционалната поделеност на државните органи, коишто се надлежни за спроведување, но и на недоволниот кадар и технички ресурси во управата и инспекциските служби на локално ниво. Поради тоа целокупната законска регулатива во областа на животната средина е во фаза на ревидирање, со план за донесување на нови закони или измена на постоечките, за одредени области.[20]

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Оваа куса анализа, за човековото право, на здрава животна средина, укажува на отвореното прашање за справување со девастацијата на природата и последиците коишто го загрозуваат опстанокот на живиот свет на Земјата.Многубројните меѓународни договори повикуваат на разумно користење на природните ресурси, преку градење на соодветни политики и стандарди за заштита, коишто државите потписнички треба да ги вградат во своите законски регулативи, но таквата политика не ја поддржуваат сите земји во светот. Американскиот претседател Трамп во својот инаугуративен говородржана на 20 јануари 2025 година,[21] изјави дека неговата држава се повлекува од Парискиот договор за климата и ќе продолжи со поголемо искористување на црното злато, со цел да ја направи побогата својата земја.

Познатиот американски и светски научник Jared Diamond,[22] којшто ја истражувал и проучувал пропаста на разни општества, за што добил и Пулицерова награда, опишува дека многу минати општества се поткопале себе си, со оштетување на животната средина. Самите избираат да пропаднат или да успеат рекол тој. Ова значи дека опомените искажани од разни научници за пропаста на разни цивилизации,(како цивилизацијата на Маите), поради уништување на животната средина, не претставуваат пречка за продолжување со слични активности на глобално ниво и покрај евидентните последици од климатските промени, поради што продолжува борбата за зачувување на животната средина.

Нашата земја, како потписничка на бројни договори од сферата на заштитата на животната средина, настојува да ја усогласи својата законска регулатива, со пози-

[20] Supra note 15.
[21] https://www.nytimes.com/interactive/2025/01/20/us/trump-inauguration-speech-annotated.html
[22] Diamond, Jared. Collapse: How Societies Choose to Fail or Survive, 2011.

тивните политики, прописи и стандарди, со цел да се справи со предизвиците за заштита на животната средина и евидентните последици. Сепак, општата состојба со квалитетот на животната средина во државава, укажува на одредена инертност во обезбедувањето на солидна законска регулатива, ненавремено усогласување и донесување на потребните закони и неефикасното остварување на постоечката регулатива. Ова, од аспект на сите влијанија на квалитетот на животната средина, како загадениот воздух, натрупан хемиски отпад, но и секаков вид ѓубре, палење на депонии, лоцирани на несоодветни површини, загадување на почвите, водата, неконтролираната градба, со која се уништува природата, иако постојат доста законски мерки за спречување на хаосот во заштитата на животната средина. Истите не се доволно искористени, покрај другото и поради слабата покриеност со инспекциски служби, за вршење на квалитетен надзор. Истовремено се укажува и на финансиските проблеми во реализацијата на разни проекти за кредити и развој на општествените структури, но и неинформираност на граѓаните и нивната слаба еколошка култура и придонес, во се вкупната заштита на животната средина.

Прашањето за квалитетен пристап до судска правда, во основа зависи од обезбедените инструменти за заштита на правото на здрава животна средина, во уставната и законската регулатива на државата. Во експертските анализи од оваа област, особено е потенцирана улогата и потребата од **уставната тужба**, која би обезбедила поширока заштитата на прокламираното право на здрава животна средина, како и потребата од внесување на познатото правно средство- тужбата ***actio popularis***.

Покрај укажувањата за недостатоци и празнини во правната рамка, излегува на површина и прашањето за недоволната подготвеност на судиите, за постапување во споровите од еколошкото право, кога постои укажување за недоволно разбирање на одредени поими (еколошката штета, за разлика од некоја еколошка несреќа).

Ваквата загрижувачка состојба во нашата држава, во однос на заштитата на правото на здрава животна средина, ги опоменува и повикува на одговорност трите власти, за преземање на итни чекори во средување на законската регулатива, преку поднесување на квалитетни законски предлози, усогласени со меѓународните стандарди во оваа област, како и навремено донесување на истите, што претставува интерес и обврска во смисла и на интегративниот процес за влез во ЕУ.

Во оваа насока, мора да се движи и судската власт, којашто има обврска за ефикасно, ефективно и професионално имплементирање, на целокупната законската регулатива. Поради тоа мора да се посвети поголемо внимание на **едукацијата на судските кадри**, за совладување на материјалните одредби од еколошкото право, како и следење на добрите политики и практики од праксата на меѓународните судови, при што треба да се внимава на можноста за директна примена на одредбите од ратификуваните меѓународни договори, но и обврска за судот, при одлучувањето да ги применува ставовите изразени во конечните

пресуди на Европскиот суд за човекови права.[23]

Судската власт која покажа сериозен пристап кон прашањето за заштитата на човековото право, на чист воздух, преку Начелниот став на Врховниот суд, мора да размислува и на понатамошни чекори од аспект на подобрување на квалитетот на судската пракса, преку формирање на посебни **специјализирани одделенија** во судовите, за решавање на предметите поврзани со заштитата на животната средина. Имајќи ја предвид целосната состојба, на полето на заштитата на животната средина, се поставува прашањето на реалната можност за остварување на ова човеково право. Потребата од економскиот, индустрискиот и технолошкиот развој наспроти предизвикот за справување со научно потврдените последици од тој развој, вклучувајќи го и влијанието на еколошкиот криминал, ги преиспитуваат општествено економските услови, коишто го одредуваат односот на човекот, кон животната средина и инхерентноста на здравиот разум за опстанок, со цел заштитата да не биде општествена илузија.

[23] Supra note 16. Види член 18 став 5 и 6.